ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 57 став 6 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/05, 81/08, 20/09, 57/10 и 17/11), Владата на Република Македонија, на седница, одржана на 4.10.2011 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ НАДОМЕСТОК, ВИДОТ И КОЛИЧЕСТВОТО НА РАСТЕНИЈА, РАСТИТЕЛНИ ПРОИЗВОДИ И ДРУГИ ОБЈЕКТИ И ПРЕДМЕТИ ЗА КОИ СЕ ПЛАЌА НАДОМЕСТОКОТ, КАКО И ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината и начинот на плаќање на посебниот надоместок, видот и количеството на растенија, растителни производи и други објекти и предмети за кои се плаќа надоместокот, како и висината и начинот на плаќање на трошоците во областа на здравјето на растенијата.

## II. НАДОМЕСТОЦИ ЗА ФИТОСАНИТАРНА ИНСПЕКЦИЈА

### Член 2

(надоместок при увоз на пратки со растенија)

(1) За вршење на фитосанитарна инспекција на пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел Б кога се увезуваат од трети земји во Република Македонија, се плаќа посебен надоместок за преглед на документите, преглед на

идентитетот и преглед за здравјето на растенијата во износи пропишани според Прилог 1 кој е составен дел на оваа одлука.

(2) Кога пратката се состои од растенија кои се наведени во различни подточки од точка 3 од Прилог 1 секој дел на пратката (партијата или партиите) кои содржат растенија наведени во секоја посебна подточка се сметаат за посебни пратки.

(3) Надоместокот за фитосанитарната инспекција кај сопствениците на растенијата кои се запишани во Регистарот како увозници или дистрибутери на растенија се плаќа во висина наведена во точка 1 од Прилог 3 кој е составен дел на оваа одлука.

## Член 3

(надоместок при извоз и ре-експорт)

(1) За вршење на фитосанитарна инспекција на пратките со растенија, растителни производи и други објекти и предмети наведени во Листата V дел Б кои се извезуваат или се ре-експортираат од Република Македонија, надоместокот за прегледот на документите и прегледот на идентитетот се плаќа во целосен износ пропишан во точките 1 и 2 од Прилог 1 од оваа одлука, а за преглед на здравјето на растенијата во висина од 20 % помалку од износот пропишан во точка 3 од Прилог 1 на оваа одлука.

(2) Кога пратката се состои од растенија кои се наведени во различни подточки од точка 3 од Прилог 1 на оваа одлука, секој дел на пратката (партијата или партиите) кои содржат растенија наведени во секоја поединечна подточка, се смета како посебна пратка.

(3) За пратките со растенија кои се ре-експортираат од Република Македонија, а кои се прегледани при увозот во Република Македонија, ако е исклучена опасноста од внесување и ширење на штетните организми, не се плаќа надоместокот за прегледот за здравјето на растенијата туку само надоместокот за прегледот на документите и прегледот на идентитетот доколку пратката веднаш се реекспортита односно ја напушти државата.

## Член 4

(зголемување на надоместокот за пратките со растенија)

(1) Надоместокот за извршена фитосанитарна инспекција на пратки со растенија за извоз, ако не е извршено на место на утовар, пратката се прегледува на граничен премин, а надоместокот за извршениот преглед се зголемува за 100% .

(2) Ако се врши фитосанитарна инспекција по исклучок и надвор од редовното работно време на фитосанитарната инспекција (во недела, државен празник или ноќна смена), износот на надоместокот за фитосанитарната инспекција за пратки со растенија од член 2 став (1) и член 3 став (1) на оваа одлука се зголемува за 100 %.

**Член 5**

(вонредни трошоци)

Покрај надоместокот од член 2 став (1) и член 4 на оваа одлука се плаќаат и трошоци за вонредни патувања на фитосанитарните инспектори кога инспекцијата се врши надвор од државата, (надвор од граничните премини), до местото на инспекција (бродски, контејнерски, авионски,танкерски), трошоци за дополнителни прегледи на пратки со растенија или при дополнителни лабораториски анализи и други трошоци кои може да се појават при извршена фитосанитарната инспекција.

**Член 6**

(денгубнина)

Ако порачателот на инспекцијата неточно го наведе местото или времето на инспекцијата или не ја подготви пратката со растенија за инспекција во договореното време со фитосанитарниот инспектор тогаш е должен да плати денгубнина во висина пропишана во точка 2 од Прилог 3 на оваа одлука.

**Член 7**

(надоместоци во врска со движење)

(1) За вршење на фитосанитарна инспекција на растенијата наведени во Листата V дел А, која се врши заради нивното ставање во движење на пратката (инспекција на местото на производство) се плаќа надоместок во висина пропишана во Прилог 2 кој е составен дел на оваа одлука.

(2) Кога на една катастарска парцела (КП) се врши инспекција на растенија кои се наведени во различни точки од Прилог 2 на оваа одлука, надоместокот од став (1) од овој член се наплатува како за една инспекција и тоа во висина пропишана во точките 1 до 5 од Прилог 2.

(3) Во случај кога се врши фитосанитарна инспекција најмногу на три катастарски парцели (КП) во една катастарска општина (КО), кај еден сопственик, тогаш надоместокот од став (1) од овој член се наплаќа како за една инспекција.

(4) За работите за издавање на пасоши за растенијата кога нив ги издаваат фитосанитарните инспектори се наплаќа надоместок во висина пропишан во точка 4 од Прилог 3 на оваа одлука.

(5) Надоместокот од став (1) на овој член се наплаќа после секоја извршена инспекција.

## III. ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ ЗА РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВЈЕТО НА РАСТЕНИЈАТА

### Член 8

(надоместоци за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување)

(1) Правните или физичките лица кои имаат намера да вршат третирање и означување на дрвениот материјал за пакување согласно Правилникот за фитосанитарни стандарди за дрвениот материјал за пакување во меѓународниот промет („Службен весник на Република Македонија" бр. 104/05 ), плаќаат надоместок за обавување на службената верификација за исполнување на техничко-технолошките услови и барања во поглед на оспособеноста на персоналот, во висина пропишана во точка 5 од Прилог 3 на оваа одлука.

(2) Правните и физичките лица од став (1) од овој член плаќаат надоместок за издавање на уверението за службена верификација за исполнувањето на условите за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување во висина пропишана во точка 6 од Прилог 3 на оваа одлука.

(3) Правните и физичките лица кои вршат третирање и означување на дрвениот материјал за пакување плаќаат надоместок за вршење на инспекција за проверка на правилната примена на постапките за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување, односно дали правните или физичките лица и понатаму ги исполнуваат техничко-технолошките услови и барања во поглед на оспособеноста на персоналот, во висина пропишана во точка 7 од Прилог 3 на оваа одлука.

### Член 9

(трошоци за стручно оспособување и техничка обука на лицата)

Трошоците за спроведување на обуката за оспособување на сопствениците на растенијата и за стручното оспособување на лицата одговорни за здравјето на растенијата и за исполнување на условите на техничка обука за добивање на овластување за издавање на пасоши за растенијата, се пропишани во точка 8 од Прилог 3 на оваа одлука.

**Член 10**

(трошоци за лабораториски анализи)

(1) Трошоците за лабораториските анализи и тестирања на официјалните мостри на растенијата доставени од страна на фитосанитарната инспекција и одредувањето на штетните организми се пропишани во Прилог 4 кој е составен дел на оваа одлука.

(2) Сите лабораториски анализи се однесуваат поединечно по организам.

(3) Дополнителни тестирања - може да се побараат доколку дополнителните испитувања се со цел да се потврди прелиминарната дијагноза на проблемот( супрер анализа) и истите се на товар на клиентите.

**Член 11**

( надоместоци и трошоци)

Висината на цената за надоместоците и трошоците се изразени во евра, но ќе се наплаќат во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на наплатата.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 12**

(престанок на важење)

Со влегувањето на сила на оваа одлука престанува да важат точките 1, 2, 3, 4, 5, 6, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 од Одлуката за висината на надоместокот за задолжителен здравствен преглед на

растенија, пратки со растенија, производи со растително потекло и преглед на пратки од средства за заштита на растенијата при увоз, извоз, транзит и реекспорт „Службен весник на Република Македонија“ бр.74/01).

**Член 13**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-4601/1
4 октомври 2011 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.

ПРИЛОГ 1

**Надоместоци за фитосанитарна инспекција на пратки со растенија, растителни производи и други објекти и предмети при увоз, извоз и ре-експорт**

| Назив | Количество | Цена во евра |
|---|---|---|
| **1. Преглед на документи** | За една пратка: | 7, 00 |
| **2. Преглед на идентитетот** | За една пратка: | |
| | – до количина која одговара на натоварен камион, вагон или контејнер | 7,00 |
| | - поголемо количество | 14,00 |
| **3. За преглед за здравјето на растенијата според следната спецификација:** | | |
| 3.1. Резници, садници (освен шумскиот репродуктивен материјал), расад од јагодесто и зеленчукови растенија. | За една пратка: | |
| | - до 10 000 парчиња | 140 |
| | - за секои 1000 дополнителни парчиња | 0,80 |
| 3.2. Грмушки, дрвја, хортикултурни шумски растениај (освен режани божиќни дрвца) и шумски репродуктивен материјал (освен семето). | За една пратка: | |
| | - до 1000 парчиња | 140 |
| | - за секои 100 дополнителни парчиња | 0,20 |
| 3.3. Луковици, изданци и кртоли наменети за садење (опсвен кртоли од компир) | За една пратка: | |
| | - до 200 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 10 кг. | 0,20 |
| 3.4. Семе и култура на ткиво ( меристем на ткива) | За една пратка: | |
| | - до 100 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 10 кг. | 0,20 |
| 3.5. Други растенија наменети за сеење и садење, кои не се наведени во оваа табела | За една пратка: | |
| | - до 5000 парчиња | 140 |
| | - за секои дополнителни 100 парчиња | 0,20 |
| 3.6. Режано цвеќе | За една пратка: | |
| | - до 20 000 парчиња | 140 |
| | - за секои дополнителни 1 000 парчиња | 2,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 3.7. Гранки со лисја, делови од иглолисни (освен режани божиќни дрвца) | За една пратка: | |
| | - до 100 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 100 кг. | 2,00 |
| 3.8. Режани божиќни дрвца | За една пратка: | |
| | - до 1 000 парчиња | 140 |
| | - за секои дополнителни 100 парчиња | 2,00 |
| 3.9. Листови на растенијата, како листови на зелјести, зачински и лиснат зеленчук | За една пратка: | |
| | - до 100 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 10 кг. | 2,00 |
| 3.10. Овошје, зеленчук (освен лиснат зеленчук) | За една пратка: | |
| | - до 25 000 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 1000 кг. | 0,8 |
| 3.11. Кртоли од компир | За една партија: | |
| | - до 25 000 кг. тежина | 50 |
| | -за секои дополнителни 25000 кг. | 50 |
| 3.12. Дрво (без кора) | За една пратка: | |
| | - до 100 м$^3$ | 140 |
| | - за секој дополнителен 1 м$^3$ | 1,40 |
| 3.13. Почва, подлога (медиум) за одгледување или кора | За една пратка: | |
| | - до 25 000 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 1000 кг. | 1,40 |
| 3.14. Зрна | За една пратка: | |
| | - до 25 000 кг. тежина | 140 |
| | - за секои дополнителни 1000 кг. | 0,80 |
| 3.15. Преглед на дрвен материјал за пакување | За една пратка: | |
| | - до 10 тони | 5,00 |
| | - за секој започнат тон уште по | 0,40 |
| 3.16. Други растенија или растителни производи кои не се наведени во оваа табела | За една пратка: | 140 |

ПРИЛОГ 2

**Надоместоци за фитосанитарна инспекција на растенијата при ставање во движење или инспекција на местото на производство**

| **Назив** | **Активност / извршена инспекциај** | **Цена во евра** |
|---|---|---|
| 1. Овошен и лозов репродуктивен саден материјал и садници и репродуктивен саден материјал и садници на повеќегодишни украсни растенија | За секоја извршена инспекција | 15,00 |
| 2. Посеви за производство на семе, вклучително и семенски компир | За секоја извршена инспекција | 15,00 |
| 3. Зеленчуков репродуктивен саден материјал, расад од зеленчук и саден материјал на едногодишни украсни растенија вклучувајќи луковици и кртоли на украсните растенија | За секоја извршена инспекција | 15,00 |
| 4. Шумски репродуктивен материјал | За секоја извршена инспекција | 15,00 |
| 5. Растенија и растителни производи кои не се наведени од точката 1 до 4 од оваа табела | За секоја извршена инспекција | 15,00 |

ПРИЛОГ 3

**Надоместоци за работи во областа на здравјето на растенијата**

| Назив | Активност | Цена во евра |
|---|---|---|
| 1. Фитосанитарна инспекција кај сопственици на растенија запишани во Регистарот за дејноста увоз или дистрибуција на растенија | За една инспекција | 15,00 |
| 2. Денгубнина | За секој започнат час на чекање | 20,00 |
| 3. Издавање на уверение за здравствената состојба на растенијата | За секое уверение | 15,00 |
| 4. Издавање на пасоши за растенијата кои ги издаваат фитосанитарните инспектори | За сите категории растенија и сите видови на пасоши за растенијата:<br>- по едно барање | 20,00 |
| 5. За службена верификација за исполнување на условите за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување | За една службена верификација | 100,00 |
| 6. За издавање на уверение за службена верификација за исполнување на условите за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување | За едно уверение | 20,00 |
| 7. За фитосанитарна инспекција за проверка на правилната примена на постапките за третирање и означување на дрвениот материјал за пакување, и за исполнување на условите од страна на правното или физичкото лице | За една инспекција | 20,00 |
| 8. Спроведување на обуката за оспособување на сопствениците на растенијата и за стручното оспособување на лицата одговорни за здравјето на растенијата и за исполнување на условите на техничка обука за добивање на овластување за издавање на пасоши за растенијата | За едно лице, зависно од потребната програма и оспособеноста на лицето | од 50,00 до 350,00 |

ПРИЛОГ 4

**Трошоци за лабораториските анализи и тестирања на официјални мостри**

| **1. Височината на цените на услугите за основен фитопатолошки преглед** | | |
|---|---|---|
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 1.1. Основно испитување на растителни примероци со непознати штетници или болест и извештај за најверојатната причина за болеста, или базична идентификација. | 5 дена | 25,00 |
| **2. Висината на цените на услугите од областа на вирологијата - Вирološки анализи на растителниот материјал со Елиса – метод** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 2.1. Идентификација на вируси со DAS-ELISA метод | 5 дена | 30,00 |
| **3. Висината на цените на услугите од областа на микологијата - Миколошки анализи на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 3.1. Окуларен/Визуелен преглед | 2 дена | 15,00 |
| 3.2. Микроскопирање/Бинокулар | 3 дена | 15,00 |
| 3.3. Окуларен/Визуелен преглед + Микроскопирање/Бинокулар | 5 дена | 25,00 |
| 3.4. Изолација и идентификација на култура на габа на хранлива подлога од растителен материјал | 2 недели | 30,00 |
| 3.5. Изолација и идентификација на култура на габа на хранлива подлога од почва | 1 месец | 35,00 |
| 3.6. Метода за испитување на на габи на филтер хартија | 2 недели | 20,00 |
| **4. Висината на цените на услугите од областа на бактериологијата - Биолошки анализи на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |

| | | |
|---|---|---|
| 4.1.Подготовка на примерок за имунофлуоресценција | 3 дена | 15,00 |
| 4.2. IF тест | 3 дена | 35,00 |
| 4.3. Изолација на бактериска култура на хранлива подлога | 2 недели | 30,00 |
| **5. Висината на цените на услугите од областа на нематологијата - Нематолошки анализи на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 5.1. Слободно живеачки нематоди во компост (се однесува на нематоди кои се јавуваат како патогени на печурките) - Ditylenchus myceliophagus, Goodey, 1958; - Aphelenhoides composticola, Franklin, 1957; - Paraphelenchus myceliophtorus, Goodey, 1958. | 3 дена | 20,00 |
| 5.2. Род *Aphelenhoides*. Баерманов метод. Цело растение или листови. | 3 дена | 20,00 |
| 5.3. Стеблени нематоди (во семе и растителен материјал). Баерманов метод. Цело растение или листови. | 3 дена | 20,00 |
| 5.4. Стеблени нематоди (во пупки). Мистифаер метод. Цело растение или пупки. | 3 дена | 20,00 |
| 5.5. Нематоди во растително ткиво (*Meloidogine spp).* | 3 дена | 20,00 |
| 5.6. Компирови цистични нематоди (PCN) Globodera pallida, Globodera rostochiensis. Потребно е минимум 500 gr. почва за мостра. (Ако се бара и PCR анализа потребни се 10 дена за анализа). | 3 дена | 20,00 |
| 5.7. Коренова нематода во кртоли и корен | 3 дена | 20,00 |
| 5.8. Нематоди вектори на бактерии и микози. *Trichodorus, Paratrichidorus.* | 3 дена | 20,00 |
| 5.9. Цистични нематоди во почвата. Потребно е минимум 500 gr. почва за мостра. | 3 дена | 20,00 |
| 5.10. Нематоди вектори на вируси. *Longidorus, Xiphinema.* Потребно е минимум 500 gr. почва за | 3 дена | 20,00 |

| | | |
|---|---|---|
| мостра. | | |
| **6. Висината на цените на услугите од областа на ентомологијата – Ентомолошки анализи на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 6.1. Анализи на мостра од растителен материјал од областа на ентомологија | 3 дена | 20,00 |
| **7. Висината на цените на услугите од областа на молекуларна дијагностика – Молекуларна дијагностика на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 7.1. Идентификација со PCR метода | 3 дена | 100,00 |
| **8. Висината на цените на услугите од областа на хербологијата – Херболошки анализи на растителниот материјал** | | |
| **Тип на анализа** | **Време** | **Цена во евра** |
| 8.1. Анализи на мостра од растителен материјал од областа на хербологијата за определување на видови плевели | 3 дена | 20,00 |
| 8.2. Анализи на мостра од растителен материјал од областа на хербологијата за определување на видови плевели според клучеви за детерминација | 3 дена | 20,00 |